**20120240786**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните службеници,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 14 февруари 2012 година.

Бр. 07-764/1
14 февруари 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Законот за јавните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 52/10 и 36/11), во членот 14 став (1) по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

“- преземање на вработен од органите на државната и локалната власт, други државни органи или институции.“

Член 2

Членот 21-а се менува и гласи:

“(1) Вработен во органите на државната и локалната власт, други државни органи или институции, кој нема статус на јавен службеник и кој ги исполнува посебните услови од членот 15 став (3) од овој закон, по потреба или по негово барање, може да биде преземен и распореден на работно место соодветно на претходното работно место, ако со тоа се согласи секретарот, односно функционерот кој раководи со органот од кој се презема вработениот, доколку во органот не се именува секретар, односно раководното лице на институцијата од која се презема вработениот и раководното лице на институцијата во којашто се презема вработениот.

(2) Вработен во органите на државната и локалната власт, други државни органи или институции, кој нема статус на јавен службеник и кој ги исполнува посебните услови од членот 15 став (3) од овој закон, по потреба или по негово барање, може да биде распореден во истиот орган.

(3) Вработениот од ставовите (1) и (2) на овој член е должен, во рок од шест месеци од денот на неговото преземање или распоредување, да положи испит за јавен службеник.

(4) Доколку вработениот не го положи испитот од ставот (3) на овој член работниот однос му престанува.“

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.